Центар за развој на Југозападен плански регион

Врз основа на член 14 став 1, член 22 став 1 алинеа 3, и член 30 став 1 алинеа 2, од Законот за рамномерен регионален развој ( "Службен весник на РСМ" бр. 24/21 и 174/21), член 30 од Правилник за методологија за изработка на планските документи за регионален развој (Службен весник на РСМ бр.219/21) и член 2 став 1 алинеа 3 од Деловникот за работа на Советот за развој на Југозападниот плански регион бр.01-99/1 од 22.07.2021 година, Советот на својата седница одржана на ден 20.03.2024 година го разгледа и усвои следниот:

# ГОДИШЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА 2024 ГОДИНА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

## 1.ВОВЕД

Акцискиот план за реализација на Програмата за развој на Југозападниот плански регион се базира на основните начела утврдени во стратешките документи на национално, регионално и локално ниво. Притоа, ангажманите на институцијата произлегуваат и се поврзани со реализацијата на  Програмата за развој на Југозападниот плански регион. Во овој базичен документ за развој на регионот за периодот 2021-2026 г. определени се среднорочните цели, приоритетите и мерките, така што низ овој Акциски план, преку имплементација на проектите, се подигнува степенот на реализација на Програмата за развој на Југозападниот плански регион.

Основата за подготовка на Акцискиот план за спроведување на Програмата за развој на планските региони е утврдена во член 14 став 1 и став 2 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл.Весник 24/2021 и 174/2021), кој предвидува донесување на годишни Акциски планови за спроведување на Програмата за развој на регионот.

Самата содржина на Акцискиот план е уредена со Правилникот за Методологијата за изработка на планските документи за регионалниот развој (Сл. Весник бр. 219/2021). Членот 30 на оваа Методологија кој се однесува на Спроведување на програмата за развој ги дефинира елементите што треба да ги содржи Акцискиот план. При подготовка на Акцискиот план се води сметка за родово одговорно буџетирање.

Согласно член 30, став 1, алинеа 2 од Законот за рамномерен регионален развој, Центарот за развој на планскиот регион изготвува Предлог-Акциски план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион. Согласно член 22, став 1, алинеа 3, од Законот за РРР, Советот за развој на планскиот регион донесува Годишен Акциски план за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион.

Во овој документ се поместени регионалните проекти што Центарот за развој на Југозападниот плански регион ги достави до БРР за 2023/2024 година и за истите се потпишани договори за реализација на крајот на ноември 2023 година. Исто така пренесени се и две проектни активности за Општините Кичево и Дебар кои се финансираат од Програмата за РРР 2022-2023.

Во овој акциски план опфатени се и активности на општините во рамки на Југозападниот плански регион кои се финансираат преку Програмата за РРР 2023-2024 – развој на села, развој на урбани подрачја, и развој на подрачја со специфични развојни потреби.

Исто така опфатени се и неколку проектни активности во делот на патна, комунална и образовна инфраструктура кои се финансирани преку посебна Програма за децентрализација на Владата на РСМ, кои се обезбедени со одлуки за пренамена од шест линиски министерства.

Наведени се и неколку проектни активности кои се финасираат преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделство и рурален развој, за кои се очекуваат повици за предлог проекти во текот на 2024 година.
Составен дел на овој документ се и активностите што се финансирани од Швајцарската Агенција за развој и соработка (СДЦ) во соработка со Министерството за локална самоуправа преку проектот ,,Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој,, - II

фаза на реализација. Имено, во рамки на тој проект се предвидени повеќе активности за поддршка на Центарот за развој и Советот за развој на Југозападниот плански регион, како и Грантова шема за инвестициски проекти со дигитална компонента.

## 2.ОПИС НА ПРИМЕНЕТА МЕТОДОЛОГИЈА

За изработка на Акцискиот план користена е методологија согласно Правилник за изработка на плански документи (Сл.Весник 219/21). При ова активностите се поделени по стратешки цели, приоритети и мерки од Програмата за развој на Југозападниот плански регион 2021-2026. Сите активности се прикажани табеларно (Табела 1) и за секоја од нив е наведен проектот, активностите, временската рамка, потребните финансиски средства, индикаторите, партнерите за реализација и изворите на финансирање. Воведена е и родовата перспектива.
Методологијата за изготвување на Акциониот план, го втемелува на здрава основа односот со релевантните засегнати страни во регионот на транспарентен и сеопфатен начин преку нивно директно учество и придонес во процесот на изработка, но исто така и во процесот на спроведувањето.

## 3.СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ

Програмата за развој на Југозападниот плански регион 2021 – 2026 е базирана на основниот концепт на политиката на регионален развој: развивање и спроведување на полицентричен модел на развој и поаѓа од насоките за развој на регионот опишани во националната Стратегија за рамномерен регионален развој 2021 – 2031 како и од развојните цели и приоритети на општините во рамки на регионот. Во согласност со законската регулатива, Акцискиот план е прикажан табеларно (Табела 1) и е во согласност со стратешките цели (СЦ), приоритети и мерки од Програмата за развој на Југозападниот плански регион 2021-2026, и истите се излистани подолу.

**СЦ1: Унапредување на економијата и родовата еднаквост преку користење на компаративните предности на човечките и материјалните ресурси, подобрување на инфраструктурата, инвестициска активност во МСП со нови технологии, знаење и иновативност, пристап до финансии и одржливост на животната средина, земјоделието и руралниот развој.**

**Приоритети:**
1.1 Зголемување на конкурентноста на регионалната економија
1.2 Јакнење и осовременување на МСП секторот
1.3 Зголемување на инвестициите
1.4 Развој на инфраструктурата
1.5 Унапредување на земјоделството и руралниот развој

**СЦ2: Конкурентно образование според потребите на локалните заедници, бизнис заедницата и пазарот на трудот, унапредување на родовата еднаквост и подобрување на пристапот до образование и социјални услуги на граѓаните, во насока на намалување на одлив на млади и депопулација, со продуктивно вработување и социјална згриженост на деца, изнемоштени и социјално зависни лица и ранливи категории.**

**Приоритети:**
2.1 Подобрување на квалитетот на образованието и прилагодување на потребите согласно барањата на пазарот на трудот
2.2 Поттикнување соработка помеѓу образование и бизнис сектор
2.3 Спречување на одлив на млади стручни кадри од регионот
2.4 Еднакви можности за сите на пазарот на труд
2.5 Еднаква достапност на услуги за сите граѓани во регионот

**СЦ3: Унапредениот туризам, природното и културното наследство, заштитената животна средина и користењето на обновливите извори на енергија се фактори за препознатлив одржлив развој во ЈЗПР**

**Приоритети:**
3.1 Подобрување на достапноста и уреденоста на туристичките локалитети
3.2 Надминување на сезоналниот карактер на туризмот во регионот
3.3 Поттикнување и развој на алтернативни-рурални форми на туристички активности и услуги
3.4 Подобрување на управувањето со туристичките дестинации
3.5 Заштита на животната средина
3.6 Подобрување на енергетската ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија

## 4.ПРИОРЕТИЗИРАЊЕ

Проектите што ќе се спроведуваат во 2024 година се прикажани табеларно (Табела1), по стратешки цели, приоритети и мерки од Програмата за развој на Југозападниот плански регион 2021-2026. Од приложената табела може да се види дека вкупниот број на планирани проектни активности е 158, од кои по Стратешка Цел 1 планирани се 71 проектни активности за реализација или 44,94% од вкупниот број. За Стратешка Цел 2 планирани се 32 проектни активности или 20,25%, додека по Стратешка Цел 3 планирани се 55 проектни активности или 34,81% од вкупниот број. Може да се заклучи дека најголем број на проектни активности се планирани по Стратешка Цел 1, следува Стратешка Цел 3 и најмалку проектни активности се приоретизирани по Стратешка Цел 2. Проектните активности што се прикажани ќе бидат имплементирани од страна на Центарот за развој на ЈЗПР, општините во рамките на Југозападниот плански регион, јавните комунални претпријатија, невладин сектор и други субјекти кои придонесуваат за регионалниот развој.

Вредно е да се напомене дека останатите засегнати страни, како што е приватниот сектор спроведува проекти (на пр. финансирани преку ИПАРД, ФИТР и сл.), но потешко споделува информации вклучително и за финансиските средства, додека граѓанскиот сектор генерира идеи за проекти, но има потешкотии во обезбедување на финансиски средства за подготовка и кофинансирање на самите проекти.

## 5.ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ

Во Акцискиот план што е прикажан табеларно прикажани се податоци за износ на финансиски средства со кои ќе се реализираат проектните активности. Исто така прикажани се изворите на финансирање, програмите за финасирање од националниот буџет како и партнерите во спроведување на проектните активности. Во Табела 2 прикажани се сумарно потребните средства за реализација на проектните активности. Вкупниот износ на средства за реализација на проектните активности е 337.024.269 МКД. За Стратешка Цел 1 планирани се 136.077.854 МКД или 40,38%, за Стратешка Цел 2 планирани се 150.128.647 МКД или 44,54%, и за Стратешка Цел 3 планирани се 50.817.768 МКД или 15,08%. Од прикажаните нумерички податоци очигледно е дека најголем износ на средства е планиран за проектни активности по Стратешка Цел 2, следува Стратешка Цел 1 и најмалку средства се планирани за Стратешка Цел 3.

## 6. МОДЕЛИ НА ИНТЕРАКЦИЈА ПОМЕЃУ АКТЕРИТЕ ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Реализацијата на Програмата, преку мерките и активностите, треба да придонесе кон подобрување на квалитетот на живот на населението во Југозападниот плански регион. Тоа подразбира подобрување на инфраструктурата, создавање на услови за отворање на нови бизниси, подигнување на економските можности на населението, намалување на иселувањето од руралните во урбаните средини, и од урбаните средини во странство. Рамномерниот регионален развој во целина треба да се почувствува во општините во рамки на Југозападниот плански регион, преку нивниот вкупен економски и општествен развој.

Партнерите особено претставниците на општините од регионот се перманентно активно вклучени во реализација на Програмата особено во текот на имплементација на проектните активности. Исто така сите партнери и засегнати страни од регионот се вклучени во процесот од самиот почеток со тоа што преку форумски сесии идентификуваат проблеми и потреби и предлагаат решенија преку проектни активности кои се во согласност со Програмата за развој на Југозападниот плански регион. Општините на чија територија се одвиваат проектни активности, секогаш имаат претставници кои се дел од проектниот тим, и даваат свој придонес од почеток на активностите (воведување во работа на економски оператори) па сè до завршување при што се прави технички прием и се потпишува записник. Кога се во прашање градежни зафати општините го обезбедуваат надзорот на градба и со тоа се клучен фактор при реализација на таков тип на активности. Кога се реализираат активности од типот услуги за подготовка на техничка документација тогаш општините го подготвуваат делот од проектната задача за нивната територија но и во текот на изработката се постојано вклучени и активни.

На овој начин со така активна интеракција со партнерите се обезбедува позитивно влијание во развојот на општините а тоа се одразува и на општиот раст на Југозападниот

регион и државата. Програмата претставува основа за подинамична меѓуопштинска соработка, подобрување на нивните релации со опкружувањето и соработка со другите плански региони. Со вклучувањето на сите расположливи капацитеи на регионално ниво треба да дојде до намалување на социјалните разлики на општините, регионот во целина, како и помеѓу урбаните и руралните средини.

## 7.НАЧИН НА ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА

Центарот за развој на Југозападниот плански регион за сите свои активности редовно ја информира јавноста преку ВЕБ страната www.southwestregion.mk. Исто така преку ФБ профилот на Центарот редовно се даваат информации за активностите на Центарот, и за активностите на општините во рамки на регионот. Исто така Центарот има и свој Youtube канал на кој ги споделува информациите во видео формат, како што се изјави, презентации, успешни бизнис приказни и слично.

Покрај ова, Центарот сите важни информации ги споделува со партнерите и преку електронска пошта, организирање инфо настани, и поединечни средби со заинтересирани страни. Секако за информирање на јавноста се користат и локалните, регионалните и националните медиуми во пишана и електронска форма. Центарот посветува особено внимание за да ги претстави сите свои активности на најтранспарентен начин, со што ќе овозможи вклучување на што поголем број на учесници од регионот во спроведување на Програмата за развој на Југозападниот плански регион.

## 8.АНАЛИЗА НА РИЗИКОТ

Во претходниот период  целиот свет се соочуваше со вируси, елементарни непогоди, војни и слично, и од тие причини за определени групни активности Центарот сеуште води сметка за определени мерки за заштита. Доколку за време на зимскиот период повторно се зголеми бројот на инфицирани лица ќе се користат алтернативни начини/активности согласно дадени протоколи од Министерството за здравство, но тоа во секој случај ќе ги ограничува можностите за целосна реализација на планираното.

Оваа година а според прогнозите и следната светот се соочува со енергетска и економска криза. Особено е значителна инфлацијата која придонесува во подолг временски период пораст на цените на сите нивоа.  Порастот на цените на услугите, стоките, работите и материјалите може да има негативно влијание врз спроведувањето на регионалните проекти. Во реализцијата на определени активности особено при спроведување на проекти за кои техничката документација е изработена пред подолго време може да се соочиме со недостаок на средсва заради разлика помеѓу планираните и актуелните цени.

Исто така негативно влијание може да има и политичката состојба, планираните претседателски и парламентарни избори во земјата, бидејќи може да предизвика одолговлекување во носење на важни одлуки кои се од витално значење за работењето и функционирањето на сите чинители кои користат буџетски и донаторски средства.

Како ризик во спроведување на Програмата, може да се сметаат и временски непогоди или природни катастрофи кои се непредвидливи, а можат значително да го нарушат процесот на реализција на проектни активности.

Спроведувањето на Програмата може да има намален ефект доколку не се обезбедат доволно финансиски средства за реализација на проектни активности.

Табела 1

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Среднорочна цел 1: Унапредување на економијата и родовата еднаквост преку користење на компаративните предности на човечките и материјалните ресурси, подобрување на инфраструктурата, инвестициска активност во МСП со нови технологии, знаење и иновативност, пристап до финансии и одржливост на животната средина, земјоделието и руралниот развој** | | | | | | | |
| **Приоритет 1.4 Унапредување на просторот преку развој на инфраструктурата** | | | | | | | |
| 1.4.1 | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Реконструкција на патната инфраструктура со цел подобрување на туристичката понуда | Изградба на локална улица Трафо-Бабуној-Смолејца фаза 2 во Вевчани | 12 месеци | 3.766.442 | 1.Должина на изведени патишта<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници на патната инфраструктура<br>3. Број на лица (мажи/жени) кои имаат подобар пристап до образование, здравство и социјална заштита како резултат на изградената локална патна мрежа | ЦРЈЗПР,МЛС/БРР Прог.РРР 2023-2024 – развој на планските региони Општина Вевчани |
| 1.4.1 | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Реконструкција на патната инфраструктура со цел подобрување на туристичката понуда | Реконструкција на улица „206„ во населба Венец 2 – Општина Дебар | 12 месеци | 1.644.821 | 1.Должина на улици<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници<br>3. Број на лица (мажи/жени) кои имаат подобар пристап до образование, здравство и социјална заштита како резултат на изградена патна мрежа | ЦРЈЗПР,МЛС/БРР Прог.РРР 2023-2024 – развој на планските региони Општина Дебар |
| 1.4.1 | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Реконструкција на патната инфраструктура со цел подобрување на туристичката понуда | Реконструкција на улици и краци во н.м. Лисичани – Општина Пласница | 12 месеци | 4.362.915 | 1.Должина на улица<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници на патната инфраструкт.<br>3. Број на лица (мажи/жени) кои имаат подобар пристап до образование, здравство и социјална заштита | ЦРЈЗПР,МЛС/БРР Прог.РРР 2023-2024 – развој на планските региони Општина Пласница |

| Среднорочна цел 1: Унапредување на економијата и родовата еднаквост преку користење на компаративните предности на човечките и материјалните ресурси, подобрување на инфраструктурата, инвестициска активност во МСП со нови технологии, знаење и иновативност, пристап до финансии и одржливост на животната средина, земјоделието и руралниот развој | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 1.4 Унапредување на просторот преку развој на инфраструктурата** | | | | | | | |
| Р.бр | Мерка | Проекти | Активности | Траење | Износ | Индикатори | Партнери/Финанс |
| 1.4.1 | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Реконструкција на патната инфраструктура со цел подобрување на туристичката понуда | Реконструкција на краци од улица ПР19 во н.м. Преглово - Општина Пласница | 12 месеци | 1.916.532 | 1.Должина на изв. улици<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници на изведените улици<br>3. Број на лица (мажи/жени) кои имаат подобар пристап до образование, здравство и социјална заштита како резултат на изградената локална патна мрежа | ЦРЈЗПР,МЛС/БРР Прог.РРР 2023-2024 – развој на планските региони Општина Пласница |
| 1.4.1 | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Реконструкција на патната инфраструктура со цел подобрување на туристичката понуда | Реконструкција и рехабилитација на локален пат до село Мал Папрадник, улици и нивни краци - Општина Центар Жупа | 12 месеци | 8.797.289 | 1.Должина на улица<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници<br>3. Број на лица (мажи/жени) кои имаат подобар пристап до образование, здравство и социјална заштита како резултат на реконструираната улица | ЦРЈЗПР,МЛС/БРР Прог.РРР 2023-2024 – развој на планските региони Општина Центар Жупа |
| 1.4.1 | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Локален пат с.Стрелци Махмудовци – Бичинци (прва фаза) | Реконструкција на локален пат с.Стрелци Махмудовци – Бичинци (прва фаза) – Општина Кичево | 12 месеци | 10.000.000 | 1.Должина на изв. пат<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници на патот<br>3. Број на лица (мажи/жени) кои имаат подобар пристап до образование, здравство и социјална заштита како резултат на реконструираниот пат | Општина Кичево, МЛС, БРР Програма РРР 2023-2024/развој на подрачја со специфични развојни потреби |

| **Среднорочна цел 1: Унапредување на економијата и родовата еднаквост преку користење на компаративните предности на човечките и материјалните ресурси, подобрување на инфраструктурата, инвестициска активност во МСП со нови технологии, знаење и иновативност, пристап до финансии и одржливост на животната средина, земјоделието и руралниот развој** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 1.4 Унапредување на просторот преку развој на инфраструктурата** | | | | | | | |
| Р.бр | Мерка | Проекти | Активности | Траење | Износ | Индикатори | Партнери/Финанс |
| 1.4.1 | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Развој на подрачјето со Реконструкција и уредување на улица во село Злести – Општина Дебрца | Реконструкција и уредување на улица во село Злести – Општина Дебрца | 12 месеци | 2.500.000 | 1.Должина на изв. улица<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници<br>3. Број на лица (мажи/жени) кои имаат подобар пристап до образование, здравство и социјална заштита како резултат на реконс.улица | Општина Дебрца, МЛС, БРР Програма РРР 2023-2024/развој на подрачја со специфични развојни потреби |
| 1.4.1 | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Изградба/реконструкција на патишта во рурални средини во регионот | Изградба/реконструкција на патишта за поврзување на населени места во регионот | 8 месеци | 23.600.000 | 1.Должина на изведени/реконструирани сообраќајници<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници на патната инфраструктура<br>3. Број на лица (мажи/жени) кои имаат подобар пристап до образование, здравство и социјална заштита како резултат на изградената локална патна мрежа | ЦРЈЗПР, ЕЛС, АФПЗРР, Програма за Рурален развој |
| 1.4.1 | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Реконструкција на улица „Али Зенго„ (Еќерем Зенго) во Општина Дебар | Реконструкција на улица „Али Зенго„ (Еќерем Зенго) во Општина Дебар | 12 месеци | 7.000.000 | 1.Должина на реконструира. улица<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници на улицата<br>3. Број на лица (мажи/жени) кои имаат подобар пристап до образование, здравство и социјална заштита | Општина Дебар, МЛС, БРР Програма РРР 2023-2024/развој на урбани подрачја |

| Среднорочна цел 1: Унапредување на економијата и родовата еднаквост преку користење на компаративните предности на човечките и материјалните ресурси, подобрување на инфраструктурата, инвестициска активност во МСП со нови технологии, знаење и иновативност, пристап до финансии и одржливост на животната средина, земјоделието и руралниот развој | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 1.4 Унапредување на просторот преку развој на инфраструктурата** | | | | | | | |
| Р.бр | Мерка | Проекти | Активности | Траење | Износ | Индикатори | Партнери/Финанс |
| 1.4.1 | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Реконструкција на локални улици | Реконструкција на локална улица Челопек до с.Ребетино – Општина Кичево | 12 месеци | 20.000.000 | 1.Должина на изв. улица<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници<br>3. Број на лица (мажи/жени) кои имаат подобар пристап до услуги | Општина Кичево, Влада на РСМ Програма за децентрализација, пренаменети средства од линиски министерства |
| 1.4.1 | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Реконструкција на локални улици | Реконструкција на улица Ибраим Колари во Дебар | 12 месеци | 6.500.000 | 1.Должина на реконструирана улица<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници на улицата<br>3. Број на лица (мажи/жени) кои имаат подобар пристап до услуги | Општина Дебар, Влада на РСМ Програма за децентрализација, пренаменети средства од линиски министерства |
| 1.4.1 | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Реконструкција на локални улици | Реконструкција на улица Кирил и Методиј во Македонски Брод | 12 месеци | 15.000.000 | 1.Должина на реконструира. улица<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници<br>3. Број на лица (мажи/жени) кои имаат подобар пристап до услуги | Општина М.Брод, Влада на РСМ Програма за децентрализација, пренаменети средства од линиски министерства |
| 1.4.3 | Изградба и осовременув. на комуналната инфраструктура во регионот | Изградба/реконструкција на комунална инфраструктура | Изградба на пречистителна станица во н.м.Преглово и н.м.Лисичани – Општина Пласница | 12 месеци | 8.000.000 | 1.Капацитет на изграден ПСОВ<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници на изградениот ПСОВ | Општина Пласница, Влада на РСМ Програма за децентрализација, пренаменети средства |

| **Среднорочна цел 1: Унапредување на економијата и родовата еднаквост преку користење на компаративните предности на човечките и материјалните ресурси, подобрување на инфраструктурата, инвестициска активност во МСП со нови технологии, знаење и иновативност, пристап до финансии и одржливост на животната средина, земјоделието и руралниот развој** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 1.4 Унапредување на просторот преку развој на инфраструктурата** | | | | | | | |
| Р.бр | Мерка | Проекти | Активности | Траење | Износ | Индикатори | Партнери/Финанс |
| 1.4.3 | Изградба и осовременув. на комуналната инфраструктура во регионот | Унапредување на инфраструктурата за водни услуги во Општина Вевчани | Унапредување на инфраструктурата за водни услуги во Општина Вевчани | 12 месеци | 3.643.089 | 1.Должина на изведени и реконструирани водоводни системи<br>2. Број на лица (мажи/жени) корисници на водоводниот систем | Општина Вевчани, МЛС, БРР Програма РРР 2023-2024/развој на села |
| 1.4.3 | Изградба и осовременување на комуналната инфраструктура во регионот | Армирано-бетонски канал во ул.Борис Кидрич во Кичево | Изградаба на армирано-бетонски канал во ул.Борис Кидрич – Општина Кичево | 12 месеци | 7.000.000 | 1.Должина на изведени и реконструирани каналски системи<br>2. Број на лица (мажи/жени) корисници на каналскиот систем | Општина Кичево, МЛС, БРР Програма РРР 2023-2024/развој на урбани подрачја |
| 1.4.4 | Подготовка на техничка документација за инфраструктура | Подготовка на техничка документација за приоритетни инфраструктурни проекти | Подготовка на техничка документација за локална сервисна улица за н.м. Вранештица | 6 месеци | 1.180.000 | 1.Должина на инфраструктура за која е подготвена техничка документација<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници | ЦРЈЗПР, ЕЛС, Општина Кичево, Фонд за техничка документација, УНДП, Шведска Влада, БРР |
| 1.4.4 | Подготовка на техничка документација за инфраструктура | Подготовка на техничка документација за приоритетни инфраструктурни проекти | Подготовка на техничка документација – основен проект за фекална канализација н.м.Лисичани – Општина Пласница | 6 месеци | 419.079 | 1.Должина на инфраструктура за која е подготвена техничка документација<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници на канализацијата | ЦРЈЗПР, ЕЛС, Општина Пласница, Фонд за техничка документација, УНДП, Шведска Влада, БРР |
| 1.4.4 | Подготовка на техничка документација за инфраструктура | Подготовка на техничка документација за приоритетни инфраструктурни проекти | Подготовка на техничка документација за реконструкција на дел од улица А3 Охрид-Лескоец-Косел | 6 месеци | 1.906.895 | 1.Должина на инфраструктура за која е подготвена тех. докумен.<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници на улицата | ЦРЈЗПР, ЕЛС, Општина Охрид, Фонд за техничка документација, УНДП, Шведска Влада, БРР |

| Среднорочна цел 1: Унапредување на економијата и родовата еднаквост преку користење на компаративните предности на човечките и материјалните ресурси, подобрување на инфраструктурата, инвестициска активност во МСП со нови технологии, знаење и иновативност, пристап до финансии и одржливост на животната средина, земјоделието и руралниот развој | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 1.4 Унапредување на просторот преку развој на инфраструктурата** | | | | | | | |
| Р.бр | Мерка | Проекти | Активности | Траење | Износ | Индикатори | Партнери/Финанс |
| 1.4.4 | Подготовка на техничка документација за инфраструктура | Подготовка на техничка документација за приоритетни инфраструктурни проекти | Подготовка на техничка документација за рехабилитација на 6 улици во населба Венец 2 – Општина Дебар | 6 месеци | 371.198 | 1.Должина на инфраструктура за која е подготвена техничка документација<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници на улици | ЦРЈЗПР, ЕЛС, Општина Дебар, Фонд за техничка документација, УНДП, Шведска Влада, БРР |
| 1.4.4 | Подготовка на техничка документација за инфраструктура | Подготовка на техничка документација за приоритетни инфраструктурни проекти | Подготовка на техничка документација за реконструкција на локална сервисна улица С5 – Општина Вевчани | 6 месеци | 202.899 | 1.Должина на инфраструктура за која е подготвена техничка документација<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници на улицата | ЦРЈЗПР, ЕЛС, Општина Вевчани, Фонд за техничка документација, УНДП, Шведска Влада, БРР |
| 1.4.4 | Подготовка на техничка документација за инфраструктура | Подготовка на техничка документација | Основен проект за паркинг покрај локалниот пат за село Горно Косоврасти – Општина Дебар | 12 месеци | 5.500.000 | 1.Површина на инфраструктура за која е подготвена техничка документација<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници на паркингот | Општина Дебар, МЛС, БРР Програма РРР 2023-2024/развој на подрачја со специфични развојни потреби |
| 1.4.4 | Подготовка на техничка документација за инфраструктура | Подготовка на техничка документација | Изработка на техничка документација за реконструкција на пат Мисешевски пат – с.Мислешево – Општина Струга | 12 месеци | 200.000 | 1.Должина на инфраструктура за која е подготвена техничка документација<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници на патот | Општина Струга, МЛС, БРР Програма РРР 2023-2024/развој на села |
| 1.4.4 | Подготовка на техничка документација за инфраструктура | Подготовка на техничка документација | Основен проект за реконструкција на улици и краци во н.м. Пласница | 12 месеци | 2.566.695 | 1.Должина на улиците со подготв. документација<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници на улиците | Општина Пласница, МЛС, БРР Програма РРР 2023-2024/развој на села |

| Среднорочна цел 2: Конкурентно образование според потребите на локалните заедници, бизнис заедницата и пазарот на трудот, унапредување на родовата еднаквост и подобрување на пристапот до образование и социјални услуги на граѓаните, во насока на намалување на одлив на млади и депопулација, со продуктивно вработување и социјална згриженост на деца, изнемоштени и социјално зависни лица и ранливи категории | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.1 Подобрување на квалитетот на образованието и прилагодување на потребите согласно барањата на пазарот на труд** | | | | | | | |
| Р.бр | Мерка | Проекти | Активности | Траење | Износ | Индикатори | Партнери/Финанс |
| 2.1.1 | Иницирање наставни програми според потребите на бизнис секторот, односно пазарот на труд | Реконструкција на спортско игралиште | Реконструкција на отворено спортско игралиште Зајаз – Општина Кичево | 12 месеци | 4.755.649 | 1.Површина на игралиштето<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници на игралиштето | Општина Кичево, МЛС, БРР Програма РРР 2023-2024/развој на села |
| 2.1.1 | Иницирање наставни програми според потребите на бизнис секторот, односно пазарот на труд | Реконструкција на објекти од образование | Реконструкција и адаптација на простор за нова училишна зграда за ОУ Кочо Рацин н.м.Лакочереј – Општина Охрид | 12 месеци | 70.000.000 | 1.Површина на училишната зграда<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници на училишната зграда | Општина Охрид, сектор образование, Програма на Влада – пренаменети средства за општините, Програма за децентрализација |
| 2.1.1 | Иницирање наставни програми според потребите на бизнис секторот, односно пазарот на труд | Реконструкција на објекти од образование | Изградаба на спортска сала во ОУ Ванчо Николески н.м.Лескоец – Општина Охрид | 12 месеци | 20.000.000 | 1.Површина на спортската сала<br>2.Број на лица (мажи/жени) корисници на спортската сала | Општина Охрид, сектор образование, Програма за децентарлизација на Влада на РСМ – пренаменети средства од линиски министерства |
| **Приоритет 2.5 Еднаква достапност на услуги за сите граѓани во регионот** | | | | | | | |
| 2.5.1 | Подигнување на квалитетот на социјални услуги и достапност за сите категории граѓани | Организација на регионални форуми | Организација на 2 форуми за Програма за РРР на МЛС/БРР | 8 месеци | 217.000 | 1.Број на учесници (мажи/жени) на форумите<br>2.Број на генерирани проектни идеи кои одговараат на потребите на мажите / жените<br>3.Број на изработени концепти | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, СДЦ, БРР, Проектна единица ОИРРР |

| Среднорочна цел 2: Конкурентно образование според потребите на локалните заедници, бизнис заедницата и пазарот на трудот, унапредување на родовата еднаквост и подобрување на пристапот до образование и социјални услуги на граѓаните, во насока на намалување на одлив на млади и депопулација, со продуктивно вработување и социјална згриженост на деца, изнемоштени и социјално зависни лица и ранливи категории | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 2.5 Еднаква достапност на услуги за сите граѓани во регионот** | | | | | | | |
| Р.бр | Мерка | Проекти | Активности | Траење | Износ | Индикатори | Партнери/Финанс |
| 2.5.1 | Подигнување на квалитетот на социјални услуги и достапност за сите категории граѓани | Инвестициски проект со елементи на социјална инклузија и дигитализација | Реконструкција на ЈЗУ Нефрологија Струга и креирање услови за здравствен туризам во ЈЗПР | 12 месеци | 24.298.325 | 1.Број на корисници на изградена/реконструирана инфраструктура<br>2.Број на корисници (мажи/жени) од ранливи категории | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, СДЦ, Проектна единица ОИРРР |
| 2.5.1 | Подигнување на квалитетот на социјални услуги и достапност за сите категории граѓани | Инвестициски проект со елементи на социјална инклузија и дигитализација | Подобрување на условите за здравствен туризам со реконструкција на ЈЗУ Кардиологија Охрид, набавка на опрема и дигитализација | 12 месеци | 17.500.000 | 1.Број на корисници на изградена/реконструирана инфраструктура<br>2.Број на корисници (мажи/жени) од ранливи категории | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, СДЦ, Проектна единица ОИРРР |
| 2.5.1 | Подигнување на квалитетот на социјални услуги и достапност за сите категории граѓани | Инвестициски проект со елементи на социјална инклузија | Опремување на современ центар за физикална терапија во болницата Св.Еразмо | 2 месеци | 2.476.960 | 1.Број на корисници на изградена/реконструирана инфраструктура<br>2.Број на корисници (мажи/жени) од ранливи категории | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, СДЦ, Проектна единица ОИРРР |
| 2.5.5 | Создавање услови за прифаќање на децата во детски јасли и градинки | Подобрена енергетска ефикасност во ЈЗПР | Замена на внатрешна столарија и поставување на греење и климатизација во ЈОУДГ ,,Планински цвет,, во Вевчани | 12 месеци | 3.480.658 | 1.Број на деца (машки / женски) што ги користат објектите на годишно ниво<br>2.Површина на реконструирани објекти<br>3.Моќност на инсталираниот систем за греење и вентилација и постигнати заштеди на енергија | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР(Програма РРР 2023-2024/развој на планските региони) |

| Среднорочна цел 2: Конкурентно образование според потребите на локалните заедници, бизнис заедницата и пазарот на трудот, унапредување на родовата еднаквост и подобрување на пристапот до образование и социјални услуги на граѓаните, во насока на намалување на одлив на млади и депопулација, со продуктивно вработување и социјална згриженост на деца, изнемоштени и социјално зависни лица и ранливи категории | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 2.5 Еднаква достапност на услуги за сите граѓани во регионот** | | | | | | | |
| Р.бр | Мерка | Проекти | Активности | Траење | Износ | Индикатори | Партнери/Финанс |
| 2.5.5 | Создавање услови за прифаќање на децата во детски јасли и градинки | Подобрена енергетска ефикасност во ЈЗПР | Реконструкција и адаптација на ЈОУДГ ,,Росица,, во Охрид (санитарни јазли, водовод и канализација) | 12 месеци | 4.328.250 | 1.Број на деца (машки / женски) што ги користат објектите на годишно ниво<br>2.Површина на реконструирани објекти | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР(Програма РРР 2023-2024/развој на планските региони) |
| 2.5.5 | Создавање услови за прифаќање на децата во детски јасли и градинки | Подобрена енергетска ефикасност во ЈЗПР | Реконструкција и адаптација на ЈОУДГ ,,Лихнида,, во Охрид (санитарни јазли, водовод и канализација, архитектура) | 12 месеци | 3.071.805 | 1.Број на деца (машки / женски) што ги користат објектите на годишно ниво<br>2.Површина на реконструирани објекти | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР(Програма РРР 2023-2024/развој на планските региони) |

| Среднорочна цел 3: Унапредениот туризам, природното и културното наследство, заштитената животна средина и користењето на обновливите извори на енергија се фактори за препознатлив одржлив развој во ЈЗПР | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 3.3 Поттикнување и развој на алтернативни форми на туристички активности и услуги** | | | | | | | |
| Р.бр | Мерка | Проекти | Активности | Траење | Износ | Индикатори | Партнери/Финанс |
| 3.3.3 | Развој и унапредување на можностите за зимски активности во регионот | Изградба на патна инфраструктура до туристички локалитети | Изградба на пат за набљудување на ловечки терен и евентуални шумски пожари | 12 месеци | 2.360.000 | 1.Број на мапирани потенцијали за ловечки-туризам<br>2.Број на рути и број на дестинации за ловечки<br>2. Број на корисници (мажи/жени) на услуги од ловечки туризам на годишно ниво | Ловечко друшѕво ,,ЕКО-ФАЗАН,, Осломеј-Кичево, МЛС/БРР Програма за РРР 2023-2024 /подрачја со специфични развојни потреби |
| **Приоритет 3.5 Заштита на животна средина** | | | | | | | |
| 3.5.6 | Мерки за заштита од загадување на почвата | Јакнење на капацитетите на ЈКП преку набавка на повеќенаменско возило трактор | Набавка на повеќенаменско возило трактор | 12 месеци | 2.000.000 | 1.Број на интервенции со користење на возилото на годишно ниво<br>2. Број на лица (мажи/жени) корисници на одржуваните системи/објекти | Општина Центар Жупа, МЛС, БРР, Програма за РРР 2023-2024 (развој на подрачја со специфични развојни потреби) |
| 3.5.6 | Мерки за заштита од загадување на почвата | Јакнење на капацитетите на ЈКП преку набавка на опрема | Набавка на опрема за ЈКП за Општина Центар Жупа за собирање на отпад | 12 месеци | 1.526.507 | 1.Број на интервенции со користење на опремата на годишно ниво<br>2. Број на лица (мажи/жени) корисници на одржуваните системи | Општина Центар Жупа, МЛС, БРР, Програма за РРР 2023-2024 (развој на села) |
| 3.5.6 | Мерки за заштита од загадување на почвата | Јакнење на капацитетите на ЈКП преку набавка на опрема | Зајакнување на општинските капацитети за управување со отпад во општина Вевчани | 12 месеци | 3.258.085 | 1.Број на интервенции со користење на опремата на годишно ниво<br>2. Број на лица (мажи/жени) корисници на одржуваните системи | Општина Вевчани, МЛС, БРР, Програма за РРР 2023-2024 (развој на села) |
| 3.5.6 | Мерки за заштита од загадување на почвата | Набавка на опрема за ЈКП | Набавка на специјализирано возило за собирање и одлагање отпад ЈКП Комунална хигиена-М.Брод | 12 месеци | 1.950.025 | 1.Количина на собран отпад<br>2.Број на корисници (мажи/жени) | Општина М.Брод Програма за РРР 2023-2024 (развој на урбани подрачја) |

| Среднорочна цел 3: Унапредениот туризам, природното и културното наследство, заштитената животна средина и користењето на обновливите извори на енергија се фактори за препознатлив одржлив развој во ЈЗПР | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 3.6 Подобрување на енергетската ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија** | | | | | | | |
| Р.бр | Мерка | Проекти | Активности | Траење | Износ | Индикатори | Партнери/Финанс |
| 3.6.1 | Стимулативни мерки за користење на обновливи извори на енергија | Поставување на фотонапонски панели на јавни објекти | Фотонапонски систем – ПОУ Јонче Крженски, с.Мислешево (39,6KW) – Општина Струга | 12 месеци | 1.950.000 | 1.Капацитет на инсталирани ФВ системи<br>2.Произведена електрична енергија годишно<br>3.Број на корисници (мажи/жени) на инсталираните системи | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР, Програма за РРР 2023-2024 (развој на планските региони) |
| 3.6.1 | Стимулативни мерки за користење на обновливи извори на енергија | Поставување на фотонапонски панели на јавни објекти | Фотонапонски систем – ОУ Нико Нестор, Струга (29,7KW) – Општина Струга | 12 месеци | 1.500.000 | 1.Капацитет на инсталирани ФВ системи<br>2.Произведена електрична енергија годишно<br>3.Број на корисници (мажи/жени) на инсталираните системи | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР, Програма за РРР 2023-2024 (развој на планските региони) |
| 3.6.1 | Стимулативни мерки за користење на обновливи извори на енергија | Поставување на фотонапонски панели на јавни објекти | Фотонапонски систем – ОУ Браќа Миладиновци, Струга (29,7KW) – Општина Струга | 12 месеци | 1.500.000 | 1.Капацитет на инсталирани ФВ системи<br>2.Произведена електрична енергија годишно<br>3.Број на корисници (мажи/жени) на инсталираните системи | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР, Програма за РРР 2023-2024 (развој на планските региони) |
| 3.6.1 | Стимулативни мерки за користење на обновливи извори на енергија | Поставување на фотонапонски панели на јавни објекти | Фотонапонски систем – ЈОУДГ ,,Сонце,, Струга (39,6KW) – Општина Струга | 12 месеци | 1.950.000 | 1.Капацитет на инсталирани ФВ системи<br>2.Произведена електрична енергија годишно<br>3.Број на корисници (мажи/жени) на инсталираните системи | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР, Програма за РРР 2023-2024 (развој на планските региони) |
| 3.6.1 | Стимулативни мерки за користење на обновливи извори на енергија | Поставување на фотонапонски панели на јавни објекти | Фотонапонски систем – ПОУ Екрем Јакупи, с.Корошишта (39,6KW) – Општина Струга | 12 месеци | 1.950.000 | 1.Капацитет на инст.ФВ сис<br>2.Произведена електрична енергија годишно<br>3.Број на корисници (мажи/жени) на инсталираните системи | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР, Програма за РРР 2023-2024 (развој на планските региони) |

| **Среднорочна цел 3: Унапредениот туризам, природното и културното наследство, заштитената животна средина и користењето на обновливите извори на енергија се фактори за препознатлив одржлив развој во ЈЗПР** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Мерка | Проекти | Активности | Траење | Износ | Индикатори | Партнери/Финанс |
| **Приоритет 3.6 Подобрување на енергетската ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија** | | | | | | | |
| 3.6.1 | Стимулативни мерки за користење на обновливи извори на енергија | Поставување на фотонапонски панели на јавни објекти | Фотонапонска централа (39,2 KW), општинска зграда Македонски Брод | 12 месеци | 1.950.000 | 1.Капацитет на инсталирани ФВ системи 2.Произведена електрична енергија годишно 3.Број на корисници (мажи/жени) на инсталираните системи | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР, Програма за РРР 2023-2024(развој на планските региони) |
| 3.6.1 | Стимулативни мерки за користење на обновливи извори на енергија | Поставување на фотонапонски панели на јавни објекти | Фотонапонска централа (39,6 KW), детска градинка 7-ми септември - Македонски Брод | 12 месеци | 1.950.000 | 1.Капацитет на инсталирани ФВ системи 2.Произведена електрична енергија годишно 3.Број на корисници (мажи/жени) на инсталираните системи | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР, Програма за РРР 2023-2024(развој на планските региони) |
| 3.6.1 | Стимулативни мерки за користење на обновливи извори на енергија | Поставување на фотонапонски панели на јавни објекти | Фотонапонска централа (30,0 KW), ООУ Климент Охридски - Македонски Брод | 12 месеци | 1.500.000 | 1.Капацитет на инсталирани ФВ системи 2.Произведена електрична енергија годишно 3.Број на корисници (мажи/жени) на инсталираните системи | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР, Програма за РРР 2023-2024(развој на планските региони) |
| 3.6.1 | Стимулативни мерки за користење на обновливи извори на енергија | Поставување на фотонапонски панели на јавни објекти | Фотонапонска централа (35,2 KW), општинска зграда Дебар | 12 месеци | 1.760.000 | 1.Капацитет на инсталирани ФВ системи 2.Произведена електрична енергија годишно 3.Број на корисници (мажи/жени) на инсталираните системи | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР, Програма за РРР 2023-2024(развој на планските региони) |
| 3.6.1 | Стимулативни мерки за користење на обновливи извори на енергија | Поставување на фотонапонски панели на јавни објекти | Фотонапонска централа (43,2 KW), спортска сала „Дибра„ - Општина Дебар | 12 месеци | 1.950.000 | 1.Капацитет на ФВ системи 2.Произведена електрична енергија годишно 3.Број на корисници (мажи/жени) на инсталираните системи | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР, Програма за РРР 2023-2024(развој на планските региони) |

| **Среднорочна цел 3: Унапредениот туризам, природното и културното наследство, заштитената животна средина и користењето на обновливите извори на енергија се фактори за препознатлив одржлив развој во ЈЗПР** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр | Мерка | Проекти | Активности | Траење | Износ | Индикатори | Партнери/Финанс |
| **Приоритет 3.6 Подобрување на енергетската ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија** | | | | | | | |
| 3.6.1 | Стимулативни мерки за користење на обновливи извори на енергија | Поставување на фотонапонски панели на јавни објекти | Фотонапонски систем на објект за пречистителна станица (11,2 KW) во Општина Пласница | 12 месеци | 550.000 | 1.Капацитет на инсталирани ФВ системи<br>2.Произведена електрична енергија годишно<br>3.Број на корисници (мажи/жени) на инсталираните системи | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР, Програма за РРР 2023-2024(развој на планските региони) |
| 3.6.3 | Подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти | Подобрена енергетска ефикасност во ЈЗПР | Реконструкција на објект – административна зграда во Општина Кичево | 12 месеци | 6.546.384 | 1.Површина на реконструираниот објект<br>2. Број на корисници (мажи/жени) на реконструираниот објект<br>3.Заштедена енергија на годишно ниво | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР, Програма за РРР 2023-2024(развој на планските региони) |
| 3.6.3 | Подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти | Подобрена енергетска ефикасност во ЈЗПР | Реконструкција на општинска зграда на Општина Дебрца | 12 месеци | 6.112.973 | 1.Површина на реконструираниот објект<br>2. Број на корисници (мажи/жени) на реконструираниот објект<br>3.Заштедена енергија на годишно ниво | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР, Програма за РРР 2023-2024(развој на планските региони) |
| 3.6.3 | Подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти | Подобрена енергетска ефикасност во ЈЗПР | Реконструкција на ОУ Саид Најдени во Дебар | 8 месеци | 7.542.617 | 1.Површина на реконструиран објект<br>2.Број на извршени мерки за подобрена ЕЕ<br>3.Број на корисници (мажи/жени) на реконструираниот објект | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР, Програма за РРР 2022-2023(развој на планските региони) |
| 3.6.3 | Подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти | Подобрена енергетска ефикасност во ЈЗПР и искористување на ОИЕ | Набавка и монтажа на фотоволтаични системи во 1 објект во Кичево | 2 месеци | 1.011.177 | 1.Капац. на инст.ФВ систе.<br>2.Произведена електрична енергија годишно<br>3.Број на корисници (мажи/жени) на инсталираните системи | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР, Програма за РРР 2022-2023(развој на планските региони) |

Табела 2

**Потребни средства за реализација**

| Р.бр | Среднорочна цел | Износ во МКД | Износ во Евра |
|---|---|---|---|
| 1 | **Унапредување на економијата и родовата еднаквост преку користење на компаративните предности на човечките и материјалните ресурси, подобрување на инфраструктурата, инвестициска активност во МСП со нови технологии, знаење и иновативност, пристап до финансии и одржливост на животната средина, земјоделието и руралниот развој** | 136.077.854 | 2.212.648 |
| 2 | **Конкурентно образование според потребите на локалните заедници, бизнис заедницата и пазарот на трудот, унапредување на родовата еднаквост и подобрување на пристапот до образование и социјални услуги на граѓаните, во насока на намалување на одлив на млади и депопулација, со продуктивно вработување и социјална згриженост на деца, изнемоштени и социјално зависни лица и ранливи категории** | 150.128.647 | 2.441.116 |
| 3 | **Унапредениот туризам, природното и културното наследство, заштитената животна средина и користењето на обновливите извори на енергија се фактори за препознатлив одржлив развој во ЈЗПР** | 50.817.768 | 826.305 |
| | **ВКУПНО** | **337.024.269** | **5.480.069** |